**Одлука бр.31**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за определување и начин на распределба на развоен фонд за тениските клубови и за учество на турнири од Календарот на натпреварување на ТФСМ за 2023 година

**Член 1**

Управниот одбор на ТФСМ- Скопје определува Развоен фонд за мотивација на тениските клубови за учество на официјални турнири од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2023 година во висина од 1.230.000,00 денари или 20.000 евра.

**Член 2**

Развојниот фонд за мотивација на тениските клубови за учество на официјални турнири од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2023 година, ќе се распределува на тениските клубови на следниот начин:

1. Клубовите кои во 2023 година ќе бидат корисници на ваучери, како и најдобрите 5 тениски клубови, по завршување на секој турнир од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2023 година, ќе добијат донација од ТФСМ на следните износи:

- 1 учесник котизација за учество на турнир во висина од 750,00 денари
- 2 до 3 учесници котизација за учество на турнир во висина од 1.250,00 денари
- 4-6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 2.250,00 денари
- над 6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 3.250,00 денари

2. Клубовите кои во 2023 година не се корисници на ваучери, и не се на листа на најдобрите 5 тениски клубови, по завршување на секој турнир од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2023 година, ќе добијат донација од ТФСМ на следните износи:

- 1 учесник котизација за учество на турнир во висина од 1.500,00 ден
- 2 до 3 учесници котизација за учество на турнир во висина од 2.500,00 ден
- 4-6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 4.500,00 ден
- над 6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 6.500,00 ден

**Член 3**

Клубовите кои се домаќини, не добиваат средства.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а се однесува за 2023 година .

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година